Член 3

Директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија склучува договор со генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-7527/1 Претседател на Владата
28 ноември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

3366.

Врз основа на член 29 став 3 и член 31 ставови 1 и 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/2016 и 190/2016), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.11.2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИТЕТОТ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

1. За членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој се именуваат:

- Кларис Бехар Молад (Clarisse Behar Molad), за член со мандат од 3 години;
- Дон Левис (Don Lewis), за член со мандат од 3 години;
- Никос Георгоулас (Nikos Georgoulas), за член со мандат од 3 години;
- Глигор Ташковиќ (Gligor Tashkovich), за член со мандат од 2 години и
- Ави Сахи (Avi Sahi), за член со мандат од 2 години.

2. За претседател на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој се определува Кларис Бехар Молад (Clarisse Behar Molad).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-7479/1 Претседател на Владата
28 ноември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

3367.

Врз основа на член 20, став (5) од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16,153/16 и 113/17), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 28.11.2017 година, донесе

У П А Т С Т В О

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Член 1

Во Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/13), во член 17 во ставот 1 по зборот „ЕНЕР" се додаваат зборовите: „преку е-седници на Владата на Република Македонија", а бројот „10" се заменува со бројот „20".

Член 2

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6858/1 Заменик на претседателот
28 ноември 2017 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, с.р.